Европски центар за
непрофитно право

# Показатели за процена на влијанието на ИТ услугите/производите врз човековите права во постапките за набавка

Кога јавните институции набавуваат ИТ услуги или системи управувани од алгоритам, мора да ја осигурат ефективната заштита на човековите права. Оваа одговорност доаѓа од меѓународни и/или уставни обврски, кои честопати се пренесени во подетални норми за специфични права (на пример, кога станува збор за правото на заштита на податоци или правото на недискриминација) и во блиска иднина ќе бидат надополнети од дополнителни правни инструменти, вклучително и Законот за вештачка интелигенција на ЕУ. При набавката на ИТ услуги/производи, јавните институции треба јасно да наведат кои јавни вредности и демократски принципи треба да се зачуваат и заштитат и треба вистински да се размисли дали технолошкото решение е ефективно и соодветно за решавање специфичен проблем или следење специфична јавна политика.

Процените на влијанието врз човековите права имаат клучна улога во ова размислување и тие се суштински за да се осигури довербата на јавноста во технологијата. За да се постигне ова, процените на влијанието треба да бидат задолжителна практика онаму каде што соодветно се разгледуваат, проценуваат и целосно се почитуваат јавните вредности и импликациите за човековите права. Без оглед на донесената методологија, процесот на процена мора да биде транспарентен, отчетен, партиципативен и вграден во поширокиот општествен контекст врз кој би можела да влијае технологијата.

Овој документ нуди насоки за да се провери дали јавните институции што набавуваат ИТ услуги/производи, вклучително ВИ или системи управувани од алгоритам и продавачите/програмерите на овие системи имаат подготвени ефективни механизми за да го оценат нивното влијание врз човековите права и да се справат со ризиците од предизвикување штета и да ги ублажат.

Целта на предложената група показатели е да даде насоки во врска со минималните барања за значаен процес на процена на влијанието вграден во политиките за набавка. Наместо пропишување на специфична методологија за процена на влијанието, предлагаме рамка на детални прашања наменети да се осигури максимална корисност и придобивки за заштитата на човековите права при набавката на технологија. На овој начин, им се дава доволно флексибилност и на јавните институции и на ИТ програмерите за да го обликуваат и приспособат процесот на процена на специфични контексти и ситуации, додека истовремено може да се потврди дали нивните методи се доволно силни за прецизна процена и ублажување на влијанието врз човековите права.

Секој показател ќе биде надополнет со список на корисни ресурси, вклучително и постојни методологии и насоки. Овие насоки ќе бидат прегледани и финализирани од меѓусекторската работна група за бизнис и човекови права која ќе претставува форум каде што јавниот сектор и приватните сектори соработуваат за да дискутираат за развој на политики и практики за заштита на човековите права. Следствено, целта на овие насоки е да им се помогне на сите релевантни чинители – т.е. јавниот и приватниот сектор како и граѓанските организации – да идентификуваат потенцијални пропусти

Проектот е кофинансиран од
Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

во постојните национални регулативи што можеби треба да се надоместат, да усвојат најдобри практики и да се заложуваат за вклучување на показатели за процена на влијанието врз човековите права во претстојната Национална стратегија за ВИ.

| ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ЗНАЧАЈНА ПРОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА ИТ УСЛУГИТЕ/ПРОИЗВОДИТЕ, ВКЛУЧИТЕЛНО И СИСТЕМИ ЗА ВИ | | |
|---|---|---|
| ***Показател 1: Нормативна рамка***<br><br>*Овој показател мери дали процесот на процена е втемелен во релевантни меѓународни правни стандарди поврзани со човековите права. Исто така, неговата цел е да осигури дека опсегот и содржината на процената дозволува прецизно идентификување и ублажување на неповолните влијанија врз човековите права, вклучително и ситуации во кои неповолните влијанија врз човековите права се неприфатливо високи и невозможно е да се ублажат.* | | |
| | **Дали прашањето се однесува на јавната институција** | **Дали прашањето се однесува на продавачите/програмерите** |
| 1.1. Дали се подготвени политики и постапки за процена на потенцијалните неповолни влијанија на набавената услуга/производ врз човековите права?<br><br>*Процесот на набавка мора да ги следи сите релевантни закони надвор од законите за набавка, вклучително и законот за заштита на податоци што веќе наложува процена на влијанието врз основните права што произлегува од обработката на податоци и идната регулатива за ВИ што веројатно ќе ги обврзе воведувачите на високоризични системи за ВИ да спроведат процена на влијанието врз основните права пред воведувањето. Овие регулативи се применуваат директно и овие барања не мора да бидат експлицитно вклучени во законот за набавка за да бидат задолжителни. Деталите на процесот на процена може да се развијат во рамките на спроведувањето.* | ДА | ДА |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. Дали се подготвени политики и постапки за идентификување на поединците и групите што се потенцијално погодени од набавената услуга/производ и неговата предвидена цел?<br><br>*Ова прашање е важно затоа што ИТ услугите/производите нема нужно да влијаат врз сите или можеби ќе имаат различно влијание врз различни групи луѓе. Проценета треба да се спроведе на таков начин што ќе биде јасно чии права се или може да бидат засегнати и на каков начин.*<br><br>*За примери за како да се идентификуваат засегнатите, консултирајте дел од FRAIA.* | ДА | ДА |
| 1.3. Дали се подготвени политики и постапки за укажување на јавните вредности и демократските цели што треба да се зачуваат и заштитат во процесот на набавка? Кои јавни вредности и демократски цели може да страдаат како резултат на набавката на ИТ услугата/производот?<br><br>*Важно е овие да бидат експлицитно наведени, а не имплицирани. Со тоа може да се олесни отчетноста кон јавноста, како и да се поддржи процена на ефектите на ИТ услугата/производот во подоцнежните фази.*<br><br>*За примери за прашања што треба да ги поставите, видете дел 1.3 од FRAIA.* | ДА | НЕ Е ПРИМЕНЛИВО |
| 1.4. Дали подготвените политики и постапки опфаќаат значајна вклученост/консултации на релевантните чинители (граѓанското општество, засегнатите групи) во различни фази?<br><br>*Овде е опфатен и разговорот со чинителите во врска со тоа дали е неопходно користењето на конкретна технологија и ако е, како влијае врз јавните вредности. За подетални прашања во врска со вклученоста на чинителите, преминете на Показател 4.* | ДА<br><br>Вклученост од раната подготовка на договорот за набавка и во текот на неговото спроведување | ДА<br><br>Вклученост од почетните фази на дизајн/развој и во текот на одговорот на тендерот |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| 1.5. Дали постојат други учесници што треба да се вклучат во која било фаза од постапката за набавка, освен програмерот на производот/услугата (на пример, други национални/локални органи, владини агенции)?<br><br>*Препорачуваме да се осигурите дека релевантните јавни органи имаат можност да придонесат за процесот на процена. Нивната стручност може да биде корисна и за прецизно идентификување на влијанијата, на пример, во случајот на националната институција за човекови права или органот за заштита на податоци.* | ДА | НЕ Е ПРИМЕНЛИВО |
| 1.6. Кои меѓународни/регионални правни инструменти за човекови права се сметаат за основа/референцијална точка за почитување на човековите права?<br><br>*И јавните институции и програмерите треба да наведат конкретни инструменти. Со оглед на тоа што Северна Македонија е членка на Советот на Европа и кандидат за членство во ЕУ препорачуваме упатување на Европската конвенција за човекови права и Повелбата за основните права на ЕУ.* | ДА | ДА |
| 1.7. Дали релевантниот кадар е обучен за стандардите за човекови права (не само етичките стандарди) и нивното спроведување во контекстот во кој ќе работи системот?<br><br>Алтернативно – дали е осигурено експертиза за човекови права од страна на надворешни експерти доколку кадарот нема внатрешна експертиза? | ДА<br><br>*Коментар:*<br><br>*Особено за управителите и кадарот за набавки. Клучни при набавката на технологија што е во согласност со човековите права е да се посвети посебно внимание на вреднувањето, создавањето и одржувањето институционалната стручност и компетентност за да се* | ДА<br><br>Дизајнери/програмери/управители |

| | | |
|---|---|---|
| | *минимизира ангажирањето на надворешни компетентни лица или загубата на компетентни лица.* | |
| 1.8. Дали е јасно дефиниран опсегот на процена на влијанието? На пример, дали ги вклучува и планираните и потенцијално непланираните цели на производот/услугата?<br><br>1.9. Дали осигурува дека е оценето влијанието врз сите релевантни човекови права?<br><br>*Поради тоа што значајната процена може да биде долга, понекогаш може да се појави потреба да се изберат специфични човекови права што ќе се оценат први. Во такви случаи, препорачуваме да им се даде предност на најистакнатите човекови права, т.е. оние права што е најверојатно да бидат засегнати или кај кои влијанието е најголемо. Овие права може да се утврдат врз основа на претходни искуства со слични ИТ услуги/производи или преку консултација со надворешни чинители, на пример, релевантните јавни органи или граѓанското општество.* | ДА | ДА |
| 1.10. Дали политиката за набавки вклучува клаузула за „необврзување“ (на пример, ако резултатот од процената на влијанието укаже дека услугата/производот е премногу штетен или ризикот од штета не може да се држи под контрола/ублажи, тогаш услугата/производот не треба да се развива, набави и/или користи)?<br><br>*Можноста да се донесе заклучок дека ИТ услугата/производот не е во согласност со човековите права и поради тоа не треба да се набави е суштинскиот услов за да биде значаен процесот на процена. Во спротивно, процената се прави само колку да се задоволат барањата. Генерално, влијанието врз човековите права ќе биде неприфатливо кога ја прекршуваат суштината на специфичното право или човеково достоинство или кога* | ДА | НЕ Е ПРИМЕНЛИВО |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| *сериозноста и веројатноста на влијанието се високи и не постојат прецизни мерки за ублажување.* | | |
| ***Показател 2:** **Транспарентен и отчетен процес на процена***<br><br>*Овој показател мери дали* процените *на влијанието се транспарентни, отчетни и повторливи (вградени во животниот циклус на производот/услугата). Исто така, го мери и нивото на јасност во однос на поделбата на улогите и одговорностите меѓу јавните институции и продавачите и во рамките на кадарот на двете страни за да се спречи дисперзија на отчетноста. На крај, овој показател го мери нивото на транспарентност на процесите на набавка и процена на влијанието, вклучително и информации што треба да ѝ ги открие продавачот/програмерот на јавната институција.* | | |
| ***Фази и моменти на активирање за процена на влијанието*** | | |
| 2.1. Дали процената на влијанието е активирана доволно рано во животниот циклус на услугата/производот за да влијае на дизајнот, развојот и тестирањето/пилотирањето?<br><br>*За процената да биде значајна, нејзините резултати треба да бидат дел од крајниот дизајн на ИТ услугата/производот, на пример, вклучување на специфични мерки за ублажување. Видете го подеталното прашање 2.3.* | **ДА**<br><br>*Ова се применува кога институцијата набавува развивање на услугата/производот (наместо готов производ). Сепак, дури и кога се набавува готов производ, не постојат пречки во повикот за доставување понуди да се побара од продавачите што сакаат да поднесат понуда да обезбедат документација дека веќе била спроведена таква процена на влијанието (видете прашање 2.3.1).* | **ДА** |
| 2.2. Дали политиката за набавка предвидува механизми за повторување на процената на влијанието низ целиот животен циклус | ДА | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| на услугата/производот (не само пред неговото користење)? Дали постои јасност во однос на тоа кои се тие фази и кои се учесниците одговорни за процените? | *Важно е да се појасни во повикот за доставување понуди или процесот на набавка која улога треба да ја има продавачот по набавката на услугата/производот, на пример дали треба да му помага на јавниот орган во идните повторувања на процените.* | |
| ***Улоги и одговорности***<br>*Јавната доверба во употребата на технологијата наложува јасна распределба на улогите поврзани со процената на влијанието на системот. Иако во суштина јавната институција има одговорност да осигури дека услугата/производот е во согласност со човековите права, процесот на набавка треба да биде дизајниран на начин што ќе осигури дека продавачот активно ѝ помага на институцијата во овој процес или презема дел од одговорноста за да ѝ ги олесни обврските за длабинска анализа на институцијата.* | | |
| 2.3. Дали е јасно кој е одговорен за процена на влијанието пред воведувањето на услугата/производот?<br><br>*Две сценарија:*<br><br>2.3.1. Доколку институцијата сака да набави готова алатка, дали продавачот е обврзан да достави процена на влијанието на готовата алатка за преглед, ревизија и, во случај на потреба, надополнување од страна на јавната институција?<br><br>2.3.2. Доколку институцијата сака да набави развој на алатка под нејзин надзор, дали продавачот е обврзан да соработува со институцијата и да ѝ помага во спроведување на процената на влијанието? | **ДА** | **ДА** |

| | | |
|---|---|---|
| 2.4. Дали е јасно кој треба да биде вклучен во тимот за процена, од улогите вклучени во дизајнот, развојот и тестирањето на услугата/производот?<br><br>*За процената не може да бидат ангажирани само надворешни луѓе надвор од луѓето што се директно вклучени во развојот или воведувањето на услугата/производот. Оној што ја предводи процената треба да го прави тоа во директна и блиска консултација со тимот што ја развива услугата/производот. Со други зборови, процената мора да биде интернализирана од сите вклучени како важен елемент на целиот развоен процес.* | ДА | ДА |
| 2.5. Дали е задолжително проценувачите (како дел од поголем тим за процена) да имаат стручно познавање од областа на човековите права?<br><br>2.5.1. Дали имаат гарантирана независност при спроведувањето на процената?<br><br>*Во овој контекст независност значи дека проценувачите не смеат да чувствуваат никаков притисок во врска со заклучоците од процената. Исто така, треба да имаат гарантирани финансиски и други ресурси за да можат правилно да ја извршуваат работата. Овој прекумерен притисок може да биде политички (на пример, да доаѓа од министер), финансиски или заснован врз подреденоста на вработениот (на пример, примање наредби од надредениот). Може да се побара инспирација од тоа како е осмислена позицијата офицер за заштита на податоци во законот за заштита на податоци.* | ДА | ДА |
| 2.6. Дали главните групи или заедници што се потенцијално засегнати од системот се јасно вклучени во различните фази на процената на влијанието? | **ДА** | **ДА** |

| | | |
|---|---|---|
| *За подетални прашања поврзани со вклученоста на чинителите видете Показател 4.* | | |
| ***Документација и барања за откривање*** | | |
| 2.7. Дали постои барање детално да се документира процесот на процена на влијанието, неговата методологија и резултатите?<br><br>*Ова се однесува и на процената на влијанието што ја спроведува јавната институција пред воведувањето на услугата/производот и на процените на влијанието спроведени од продавачот/програмерот што нудат готов производ во повикот за доставување понуди.* | **ДА** | **ДА** |
| 2.8. Дали постои обврска да се објават резултатите од процената на влијанието, кога ќе биде завршена?<br><br>*Препорачуваме да се осигури дека е јавно достапно барем резиме на резултатите, заедно со клучни информации за ИТ услугата/производот. Ова е неопходно за јавно испитување и отчетност.* | **ДА** | **НЕ Е ПРИМЕНЛИВО** |
| 2.9. Дали е потребно продавачите да им откријат на јавните институции информации за услугата/производот што би им овозможиле на јавните институции да осигурат правична правна постапка за луѓето погодени од системот и да ѝ покажат на јавноста дека услугата/производот функционира правилно, правично и во согласност со човековите права и релевантните закони?<br><br>2.9.1. За алгоритамските/ВИ системи, дали оваа информација ги вклучува: целта на алгоритамот, информации што осигуруваат дека системот не функционира погрешно и дава потврдени | **ДА** | **ДА** |

| | | |
|---|---|---|
| резултати (на пример, протоколи и резултати за потврдување, показатели за перформанси), информации неопходни за да им се дадат на луѓето засегнати од системот за ВИ нивните специфични податоци што ги користел системот, информации за собирање и обработка на лични податоци неопходни за да се исполнат барањата на ОРЗП (резултати од процената на влијанието на заштитата на податоците, извори на податоци за обука/потврдување и законска основа а собирање, информации за видовите лични податоци што ги користи системот, целите, времето на складирање, кој има пристап до личните податоци, како се складираат и безбедно се чуваат податоците итн.)<br><br>*Приватните продавачи можеби би сакале да ги наведат трговските тајни или заштитата на авторските права како причина за да не споделат одредени информации со органот што ја набавува ИТ услугата/производот. За јавна отчетност на услугите или производите што ќе ги засегаат граѓаните и за да се осигури правична правна постапка за погодените луѓе, од клучна важност е органот да осигури пристап до сите релевантни информации. Органот има овластување да го формулира повикот за доставување понуди на начин што допушта само понуди што гарантираат доволно ниво на транспарентност.* | | |
| 2.10. Дали продавачите се обврзани да се откажат од барањата за тајност на трговски тајни во врска со видовите информации што им се потребни на јавните институции за да ѝ покажат на јавноста дека производот/услугата (вклучително и алгоритамските системи) е добро дизајниран и правичен?<br><br>*Имајте предвид дека за некои типови многу релевантни информации, на пример намената на системот, резултатите од потврдувањето, показателите за перформанси, компаниите веројатно нема да можат да тврдат дека се трговски тајни* | **ДА** | **ДА** |

| | | |
|---|---|---|
| *(бидејќи овие параметри укажуваат дека системот функционира добро, а немаат комерцијална вредност сами по себе).* | | |
| ***Показател 3. Методологија на процена на влијанието***<br><br>*Овој показател мери дали методологијата на процената на влијанието врз човековите права се прави само површно или гарантира значајно и отчетно одразување на влијанијата на услугата/производот. Имајте предвид дека веќе постојат повеќе предложени методологии. Овде не се наметнува специфичен метод за процена туку се наведени низа прашања за евалуација дали избраната методологија е доволни силна, ефективна и прецизна за да осигури почитување на човековите права.*<br><br>***Релевантни извори за методологии на процена на влијание:***<br><br>• Холандија: Процена на основните права и алгоритамските влијанија (FRAIA)<br>• Дански институт за човекови права: Насоки за процена на влијанието на дигиталните активности врз човековите права<br>• Фондација „Moje Państwo“: Процена на алгоритамското влијание на системите за ВИ/автоматско одлучување – Предлог за јавниот сектор<br>• А. Мантелеро (A. Mantelero): Од другата страна на податоците: процена на влијанието врз човековите права, етичко и социјално влијание кај ВИ (Beyond Data: Human Rights, Ethical and Social Impact Assessment in AI<br>• А. Мантелеро и С. Еспосито (A. Mantelero and S. Esposito). Методологија заснована врз докази за процена на влијанието врз човековите права во развојот на податочно интензивни системи за ВИ („An evidence-based methodology for human rights impact assessment (HRIA) in the development of AI data-intensive systems.“ ) Computer Law & Security Review (2021)<br>• ЕЦНЛ и Податоци и општество (Data&Society): Препораки за внесување на човековите права во процена на влијанието од ВИ<br>• ЕЦНЛ: Евалуација на ризикот од системите за ВИ за човековите права преку систем заснован врз слоеви<br>• Access Now: Процена на влијанието врз човековите права на ВИ: Анализа и препораки | | |
| 3.1. Дали постојат јасни показатели за процена на (реално и потенцијално) неповолно влијание врз основа на стандардите за човекови права идентификувани како референцијални точки во прашање 1.6? | **ДА** | **ДА** |
| 3.2. Дали и предвидената и непредвидената потенцијална примена (погрешна примена) на услугата/производот се вклучени во процената на влијанието? | **ДА** | **ДА** |
| 3.3. Дали постојат јасни метрики и скали за да се оцени веројатноста и сериозноста на секое потенцијално влијание во различни контексти и | **ДА** | **ДА** |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

METAMORPHOSIS Foundation for Internet and Society KONEKT

| | | |
|---|---|---|
| различното ниво на изложеност на потенцијално засегнатите носители на правата?<br><br>*За насоки, видете A. Mantelero and S. Esposito. „An evidence-based methodology for human rights impact assessment (HRIA) in the development of AI data-intensive systems.“ Computer Law & Security Review (2021)* | | |
| 3.4. Дали методологијата за процена на влијанието опфаќа идентификување на нивоата на ризик (на пример, низок, умерен, висок, многу висок, неприфатлив) за сите релевантни човекови права во различни контексти и за различните потенцијално засегнати носители на правата?<br><br>*За инспирација, консултирајте ја публикацијата на ЕЦНЛ за процена на системите за ВИ и публикацијата на Access Now.* | **ДА** | **ДА** |
| 3.5. Дали постои барање за постигнување соодветна рамнотежа помеѓу ризиците и потенцијалното неповолно влијание на услугата/производот и придобивките од него во однос на секое потенцијално погодено право, вклучително и оправдување за секоја одлука?<br><br>*За инспирација, видете дел 4.7 од FRAIA.* | **ДА** | **ДА** |
| 3.6. Дали постои барање за да се идентификуваат и опишат специфични мерки за избегнување и ублажување на ризиците?<br><br>3.6.1. Дали постои опција да се донесе заклучок дека не постојат соодветни мерки за да се избегне или ублажи неприфатливиот ризик?<br><br>*За насоки во врска со мерките за ублажување, видете Анекс 2 од FRAIA.* | **ДА** | **ДА** |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

METAMORPHOSIS Foundation for Internet and Society KONEKT

| | | |
|---|---|---|
| 3.7. Доколку процената укажува дека не постојат соодветни мерки за да се избегне или ублажи неприфатливиот ризик, дали резултира со прекин на развојот или воведувањето на производот/услугата?<br><br>*Можноста да се заклучи дека ИТ услугата/производот не е во согласност со човековите права и следствено не треба да се набави е суштинскиот услов за да се направи процесот на процена значаен. Во спротивно, процената се прави само колку да се задоволат барањата. Генерално, влијанието врз човековите права е неприфатливо кога ја прекршуваат суштината на специфичното право или човеково достоинство или кога сериозноста и веројатноста на влијанието се високи и не постојат прецизни мерки за ублажување.* | **ДА** | **ДА** |
| ***Показател 4: Значајна вклученост на чинителите***<br><br>*Овој показател мери дали релевантните надворешни чинители (засегнатите поединци и групи, граѓански организации, синдикати, национални институти за човекови права, индустриски асоцијации, експерти за човекови права, академски експерти итн.) се вклучени во разговор за потенцијалните или реалните влијанија на услугата/производот. Таквата вклученост е суштинска за да се идентификуваат прецизно ризиците и мерките за ублажување, како и да се изгради јавната доверба во технологијата.*<br><br>***Релевантни извори:***<br><br>• ЕЦНЛ: Рамка за значајно вклучување на чинителите во процена на ВИ<br>• Дански институт за човекови права: Вклученост на чинителите во процената на влијанието на дигиталните активности врз човековите права | | |
| 4.1. Дали е наложена значајна консултација на надворешните чинители во текот на процесот на процена и неговите повторувања?<br><br>*Во повторувањата на процената (на пример, годишен преглед) не е неопходно да се спроведе целиот процес на консултации од почеток. Органот или компанијата треба да просудат што е разумно, на* | **ДА** | **ДА**<br><br><br>*Во фазата на дизајн, развој и тестирање.* |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| *пример, дали да се контактираат само одбрани чинители или да се ограничи консултацијата на нови прашања.* | | |
| 4.2. Дали продавачот треба да ѝ помага на јавната институција во јавни консултации и вклучување на чинителите?<br><br>*Таквата помош може да биде експлицитно барање во повикот за доставување понуди/договорот за набавка. Ова може да биде мошне добро решение за користење надворешни ресурси за процесот доколку органот нема доволно човечки ресурси.* | **ДА** | **ДА** |
| 4.3. Дали се предложени методи/модели за значајно консултирање и вклучување на надворешни чинители?<br><br>4.3.1. Со други зборови, како да се идентификуваат главните групи или заедници што се потенцијално погодени од услугата/производот, вклучително и за време на неговиот развој? И како да се идентификуваат другите чинители што треба да се вклучени во различни фази (на пример, граѓанско општество и меѓународни организации, национални институции за човекови права, експерти, индустриски асоцијации, новинари итн.)?<br><br>*За совети, консултирајте ја Рамката за значајно вклучување.* | **ДА** | **ДА**<br><br>*Во фазата на дизајн, развој и тестирање.* |
| 4.4. Дали надворешните чинители имаат можност да дадат информации и коментар за наодите/резултатите од процената на влијанието пред услугата/производот да стане функционален?<br><br>*Целта на вклучувањето е да се разбере перспективата на чинителите со цел да се подобри услугата/производот и да се ограничат неговите влијанија врз човековите права. Можноста да се даде придонес пред воведувањето го прави процесот на консултации значаен.* | **ДА** | **ДА**<br><br>*Во фазата на дизајн, развој и тестирање.* |

Проектот е кофинансиран од Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| 4.5. Постои ли обврска да им се даде повратен одговор на надворешните чинители за нивниот придонес и да се објасни дали и како е вклучен во резултатите или не (и зошто)?<br><br>*Доколку консултацијата е заснована врз дијалог и повратни одговори, чинителите ќе бидат уверени дека вреди да се вклучат.* | **ДА** | **ДА**<br><br>*Во фазата на дизајн, развој и тестирање.* |
| 4.6. Дали постои обврска да се документира вклученоста на чинителите во текот на процесот на процена на влијанието?<br><br>4.6.2. Како? Дали овие информации се јавни? Каде и ако не, зошто? | **ДА** | **ДА**<br><br>*Во фазата на дизајн, развој и тестирање.* |
| ***Показател 5. Ефективен надзор и следење***<br><br>*Овој индикатор мери дали процената на влијанието одговара пред надворешен надзор/ревизори и подлежи на јавна критика. Целта на овој индикатор е да гарантира институционална рамка за следење и континуирана процена во случај да се промени контекстот и да се појават нови влијанија.* | | |
| 5.1. Дали постои јасно барање за документација на постапката за процена на влијанието и резултатите од неа?<br><br>*Ова прашање е исто како прашањето 2.7 но овде е повторено бидејќи барањата за документација во Показател 2 служат за да осигурат транспарентност помеѓу страните во набавката, а целта на овој показател е да осигури транспарентност кон надворешните чинители и телата за надзор.* | **ДА** | **ДА** |
| 5.2. Дали има конечен извештај што дава приказ како процената на влијанието влијаела врз дизајнот, развојот и воведувањето на услугата/производот? | **ДА** | **ДА** |

Проектот е кофинансиран од
Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект

| | | |
|---|---|---|
| 5.3. Дали постои задолжителен надворешен надзор и преглед или ревизија на наодите од процената на влијанието? | **ДА** | **НЕ Е ПРИМЕНЛИВО** |
| 5.4. Дали е можно засегнатите луѓе или групи и организациите што го застапуваат јавниот интерес да ги оспорат наодите на процената на влијанието? | **ДА** | **НЕ Е ПРИМЕНЛИВО** |
| 5.5. Дали наодите од процените на влијанието се објавуваат и ако е така – дали се објавуваат целосните резултати или само резиме на клучните наоди? Каде?<br><br>(На пример, дали може да се пристапи до јавно достапна база на податоци со наоди од услугите/производите што се набавени/развиени за јавниот сектор?)<br><br>*Ова е исто со прашање 2.8 но повторено за да се истакне важноста на објавувањето на начин што е достапен за надворешните чинители.* | **ДА** | **НЕ Е ПРИМЕНЛИВО** |
| **Евалуација на процесот на процена на влијанието** | | |
| 5.6. Дали е подготвена постапка за евалуација на дизајнот на процесот на процена на влијанието имајќи ги предвид претходно наведените показатели? Кој е одговорен за оваа евалуација? | **ДА** | **НЕ Е ПРИМЕНЛИВО** |
| 5.7. Дали повремено се прави преглед на процесот на процена на влијанието? | | |

Проектот е кофинансиран од
Европската Унија

Спроведено од фондацијата Метаморфозис во партнерство со Конект
METAMORPHOSIS Foundation for Internet and Society
KONEKT